**ОПШТИНА БИТОЛА**

**Комисија за јавни набавки**

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПОЕДНОСТАВЕНА ОТВОРЕНА ПОСТАПКА
ЗА НАБАВКА НА

***„УПОТРЕБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОЛОВОЗ НА КРСТОСНИЦА НА УЛ. ПРИЛЕПСКА СО УЛ. БАТАЉОН СТИВ НАУМОВ (КРУЖЕН ТЕК) – БИТОЛА***
***фаза коловоз***
***фаза канализација***
***фаза улично осветлување***

***ФЕВРУАР 2023 год.***

Врз основа на член 49 и 81 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19), подготвена е:

ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

За поедноставена отворена постапка за набавка на работи:

***„УПОТРЕБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОЛОВОЗ НА КРСТОСНИЦА НА УЛ. ПРИЛЕПСКА СО УЛ. БАТАЉОН СТИВ НАУМОВ (КРУЖЕН ТЕК) – БИТОЛА***
***фаза коловоз***
***фаза канализација***
***фаза улично осветлување***

Тендерската документација содржи:


1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ........................................................................................3
2. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ........................................................................................................5
3. ПОДГОТОВКА НА ПОНУДАТА...........................................................................6
4. ПОДНЕСУВАЊЕ И ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ...........................................9
5. ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ.........................................................................11
6. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА .............................................................................................................17
7. ПРАВО НА ЖАЛБА И ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ЈАВНА НАБАВКА19
8. ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ ....................................**Error! Bookmark not defined.**
Прилог 1 – Образец на понуда .............................................**Error! Bookmark not defined.**
Прилог 2 – Изјава за сериозност на понудата......................**Error! Bookmark not defined.**
Прилог 3 – Изјава за докажување на способноста .............................................................22
Прилог 4 - Модел на договор
Прилог 5 – Изјава за посета на локација
Прилог 6 – образец на листа на доверливи информации
Прилог 7 – образец на листа на подизведувачи
Пролог 8 – изјава за НЕ/ АНГАЖИРАЊЕ на подизведувачи

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

## 1.1 Дефиниции

1.1.1 Одредени поими употребени во оваа тендерска документација го имаат следново значење:

„Договор за јавна набавка“ е договор склучен во писмена форма меѓу еден или повеќе економски оператори и договорниот орган чиј предмет е снабдување стоки и обезбедување услуги;
„Постапка за јавна набавка“ е постапка што ја спроведува договорниот орган, чија цел или дејство е купување или стекнување стоки и услуги;
„Економски оператор“ е секое физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапките за јавни набавки нудат стоки и услуги;
„Понудувач“ е економски оператор кој поднел понуда;
„Носител на набавката“ е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;
„Подизведувач“ е правно или физичко лице кое за понудувачот, со кој договорниот орган склучил договор за јавна набавка или рамковна спогодба, снабдува стоки, обезбедува услуги или изведува работи што се директно поврзани со извршувањето на договорот или рамковната спогодба;
„Тендерска документација“ е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација;
„Технички спецификации“ се:

- во случај на јавна набавка на работи[1], збир на технички прописи содржани во тендерската документација со кои се дефинирани потребните карактеристики на материјалите, производите или стоките за да одговараат на употребата што му е потребна на договорниот орган; тие карактеристики вклучуваат влијание врз животната средина и климатски влијанија, опис на сите услови (вклучувајќи и пристапност за лица со хендикеп) и оценка на сообразноста, ниво на изведба, безбедност или димензии, вклучувајќи ги и постапките за обезбедување квалитет, терминологијата, симболите, методите на тестирање, пакувањето, означувањето и етикетирањето, како и инструкции за користење, производствени процеси и методи во секоја фаза од животниот век на градбата; тие карактеристики, исто така, вклучуваат правила од проектот и правила за процена на трошоците, услови за тестирање, за инспекција и за прием на изведените работи, градежните методи или техники, како и сите други технички услови што

[1] Кога предмет на набавка се стоки или услуги, овој дел се брише.

договорниот орган има право да ги пропише во согласност со општите и посебните прописи во врска со градбата и вклучените материјали или деловите

„Еквивалентно“ значи дека понудената стока или услуга има исти или подобри технички карактеристики од оние наведени во техничката спецификација на предметот на набавка;

„Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон;

„Несоодветна понуда“ е понуда која не одговара на потребите и барањата на договорниот орган утврдени во тендерската документација без значителни промени;

„Писмено“ или „во писмена форма“ е секој израз што се состои од зборови или бројки што можат да се прочитаат, умножат и дополнително да се соопштат, како и информации што се пренесуваат и чуваат со помош на електронски средства, под услов сигурноста на содржината да е обезбедена и потписот да може да се идентификува;

„Електронско средство“ е електронска опрема за обработка и чување податоци (вклучувајќи и дигитална компресија), кои се пренесуваат, испорачуваат и примаат преку кабелски, радио или оптички средства или преку други електромагнетни средства;

„Електронски систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН)“ е единствен информациски систем достапен на интернет, кој се користи со цел да се овозможи поголема ефикасност, транспарентност и економичност во областа на јавните набавки;

„Алтернативна понуда“ е понуда со која понудувачот нуди предмет на набавка кој ги задоволува минималните барања, односно стандарди што договорниот орган ги предвидел во тендерската документација, но на поинаков начин, со други технички карактеристики или методи, од оние кои биле утврдени со техничката спецификација.

**1.2 Договорен орган**

1.2.1 Договорен орган е Општина Битола, со адреса на Булевар 1ви Мај бр. 61, телефон/факс за контакт 047/208-325, електронска адреса: slavica.nabavki@bitola.gov.mk, контакт лице Славица Димитровска.

**1.3 Предмет на постапката за јавна набавка**

1.3.1 Предмет на постапката за јавната набавка е набавка на работи

***„УПОТРЕБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОЛОВОЗ НА КРСТОСНИЦА НА УЛ. ПРИЛЕПСКА СО УЛ. БАТАЉОН СТИВ НАУМОВ (КРУЖЕН ТЕК) – БИТОЛА***

***фаза коловоз***

***фаза канализација***

***фаза улично осветлување***

Детален опис на предметот на набавка е даден во техничките спецификации.

***Понудувачите при изготвувањето на понудата задолжително да се придржуваат на квалитетот за вградените материјали утврдени во техничките спецификации согласно усвоените стандарди во Р.Северна Македонија.***

**Договорниот орган по фазата асфалтирање ке ангажира лабараторија која ке изврши контрола на квалитетот на вградениот асфалт по МКС ЕН 13036-4.**

1.3.2. Предметот на набавката е неделив.

Образлозение: Набавката не е делива од причина што реализацијата на набавката претставува една градежна целина.

**1.3.3 Договорот за јавната набавка ќе биде со времетраење до конечно завршување на договорените работи.**

**1.4 Применливи прописи**

1.4.1 Оваа постапка се спроведува согласно со Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019) и важечките подзаконски акти.

1.4.2 При подготовка на својата понуда, економските оператори треба да ги има предвид важечките прописи од областа на даноците и другите јавни давачки, работните односи, работните услови, заштитата при работа, заштита на личните податоци. Сите прописи може да се најдат во соодветните изданија на Службен весник на Република Северна Македонија. Дополнителни податоци во однос на важечките прописи од горенаведените области, понудувачот може да добие од Управата за јавни приходи, Царинската управа и Министерството за финансии (за даноците и другите јавни давачки), Министерството за труд и социјална политика (за работните односи, работните услови и заштитата при работа), Дирекцијата за заштита на личните податоци (за заштита на личните податоци).

**1.5 Општи мерки за спречување на корупцијата**

1.5.1 Договорниот орган, во постапката за јавна набавка и при извршување на договорот, ќе ги преземе сите потребни мерки со цел навремено откривање на корупцијата и отстранување или намалување на штетните последици од истата.

1.5.2 Кај договорниот орган Општина Битола, лицето Кире Ѓоргиевски, контакт тел/моб.070/303-725, електронска адреса kgprijava@bitola.gov.mk, е овластено за прием на пријави за заштитено внатрешно и надворешно пријавување од страна на укажувачи, а во врска со корупција во јавните набавки.[2]

**1.6 Вид на постапка за јавна набавка**

1.6.1 Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на поедноставена отворена постапка.

1.6.2 Оваа постапка се спроведува со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН), достапен на следнава интернет адреса https://www.e-nabavki.gov.mk и Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/2019).

**1.7 Посебни начини за доделување на договорот за јавна набавка**

**1.7.1 Електронска аукција**

**1.7.1.1 Договорот за јавна набавка ќе се додели со користење електронска аукција со цел добивање нови цени коригирани надолу, односно нови вредности за одредени елементи од понудите.[3]**

**1.7.1.2 Предмет на електронската аукција ќе биде:само цената.**

## 2. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**2.1 Достапност на тендерската документација**

2.1.1 Тендерската документација е достапна на секој заинтересиран економски оператор преку ЕСЈН во формат кој економските оператори може директно да го користат.

**2.2 Појаснување на тендерската документација**

[2] Во согласност со членовите 4 и 5 од Законот за заштита на укажувачи

[3] Во случај да не се користи е-аукција оваа точка се брише.

2.2.1 Економскиот оператор може да побара појаснување на тендерската документација преку модулот „Прашања и одговори“ на ЕСЈН, најмалку шест дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.
2.2.2 Појаснувањето договорниот орган ќе го достави преку истиот модул, без да го открие идентитетот на економскиот оператор кој го поставил прашањето, за што економските оператори што презеле тендерска документација ќе добијат автоматско електронско известување дека е даден одговор на поставеното прашање.

**2.3 Изменување и дополнување на тендерската документација**
2.3.1 Договорниот орган може, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на економските оператори, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, при што во најкус можен рок, но не подоцна од четири дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите ги прави достапни измените и дополнувањата на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација, по што сите економски оператори што ја презеле ќе добијат автоматско електронско известување дека е објавена измена.
2.3.2 Во случај на измена на тендерската документација, договорниот орган крајниот рок за поднесување на понудите ќе го продолжи пропорционално на сложеноста на измената или дополната на тендерската документација во последните шест дена пред истекот на рокот за поднесување понуди.

## 3. ПОДГОТОВКА НА ПОНУДАТА

**3.1 Право на учество**
3.1.1 Право да достави понуда има секое заинтересирано физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапката за јавна набавка го нудат предметот на набавка.
3.1.2 Составен дел од групната понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка. Овој договор потребно е да ги содржи следниве податоци:
-членот на групата кој ќе биде носител на групата, односно кој ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата,
-членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка,
-членот на групата кој ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата,
-краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот.
3.1.3 Членовите на групата економски оператори одговараат неограничено и солидарно пред договорниот орган за обврските преземени со понудата.
3.1.4 Економскиот оператор кој има една или повеќе негативни референци, групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца нема право на учество во постапката согласно со член 101 став 7 од законот.
3.1.5 Економскиот оператор во рамките на иста постапка за доделување на договор за јавна набавка може да учествува само во една понуда. Сите понуди ќе бидат отфрлени ако економскиот оператор:
- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна понуда или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна понуда.
3.1.6 Економскиот оператор може да учествува како подизведувач во повеќе од една понуда.
3.1.7 Лицата кои учествувале во изработка на тендерската документација не смеат да бидат понудувачи или членови во група на понудувачи во постапката за јавна набавка.

3.1.8 За да учествува во постапката, економскиот оператор треба да се регистрира во ЕСЈН и да поседува квалификуван сертификат за електронски потпис согласно прописите за електронски потпис. Економскиот оператор се регистрира во ЕСЈН со пополнување на регистрациска форма која е составен дел од ЕСЈН[4] .

***Напомена:*** *Во моментот на поднесување на групна понуда сите членови на групата треба да бидат регистрирани на Електронскиот систем за јавни набавки.*

***3.2 Посета на локација -задолжително***

***3.2.1 Договорниот орган ќе овозможи посета на локација на барање од страна на заинтересираните економски оператори во придружба на вработени од општинската администрациаја, или понудувачот може да изврши самостојна посета на локација. Понудувачите во прилог на понудата е потребно да достават задолжително - Изјава дека е извршена посета на локација и дека економскиот оператор е запознаен со условите и податоците од терен потребни за квалитетна изведба на предметата набавка (прилог 5).***
***Изјавата за посета на локација ја доставуваат сите економски оператори задолжително без разлика дали посетата ја извршиле со вработен од општинската администрација или самостојно..***
***Доколку имаат потреба од појаснување дополнување во врска со извршената посета истите да ги достават како прашања до крајниот датум за поставување на прашања утврден во огласот на ЕСЈН.***

***Во случај да имаат потреба од придружба на лице од општина Битола истите да се јават кај : Контакт лице од Општина Битола- Владимир Јовевски – 047/208-303.***

**3.3 Трошоци за поднесување на понуда**

3.3.1 Економскиот оператор ги сноси сите трошоци поврзани со подготовката и со доставувањето на понудата, а договорниот орган не е одговорен за тие трошоци без оглед на водењето и на исходот од постапката за јавна набавка.

**3.4 Јазик на понудата**

3.4.1 Понудата, документите поврзани со понудата како и целата кореспонденција е на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, а во текот на евалуација на понудите, комисијата може да бара превод на македонски јазик.

**3.5 Цена на понудата**

3.5.1 Во цената на понудата треба да се засметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата, без ДДВ кој се искажува посебно, во денари.

**3.6 Корекција на цени**

3.6.1 При реализација на договорот за јавна набавка не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**3.7 Начин на изведување на работите**

[4]На почетната страна на ЕСЈН во делот „Економски оператори“ се наоѓа линкот „Регистрирај се“.

3.7.1 Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го испорача на следниов начин: во согласност со Законот за јавни набавки, Законот за градба, договорот за јавна набавка, техничките спецификации и проектната докуметација, и во согласност со описот од техничките спецификации и одобрениор проект.

**3.8 Рок за изведување на работите**
3.8.1 Носителот на набавката е должен предметот на набавка да го изведе во рок **од 60 работни денови** од денот на склучување на договорот за јавна набавка и воведување на изведувачот во работа.

**3.9 Начин на плаќање**
3.9.1 Начинот на плаќање е одложено во рок од 60 дена од приемот на фактурата односно одобрена времена градежна ситуација.

**3.10 Период на важност на понудата**
3.10.1 Понудата треба да е со важност од 120 дена.
3.10.2 Договорниот орган може, во исклучителни случаи кои не настанале по негова вина, да побара од понудувачите продолжување на периодот на важност на понудите.

**3.11 Средства за обезбедување**

**3.11.1 Гаранција на понудата**
**3.11.1.1 Со понудата економскиот оператор доставува изјава за сериозност на понудата.**
**3.11.1.2 Со изјавата економскиот оператор изјавува дека:**
- **нема да ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,**
- **ќе ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,**
- **ќе го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или**
- **ќе ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.**

**3.11.2 Гаранција за квалитетно извршување на договорот**
**3.11.2.1 Договорниот орган ќе бара од понудувачот чија понуда е избрана за најповолна да обезбеди гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во вид на банкарска гаранција во вредност од 10 % од вредноста на договорот за јавна набавка.[5]**

**3.11.3 Гаранција за гарантен рок**

**3.11.3.1 Како услов за извршување на договорот за јавна набавка, носителот на набавката е должен да обезбеди гаранција за гарантен рок во износ од 5% од вредноста на договорот за јавна набавка, со вклучен ДДВ, со која се обрзува дека на свој трошок ќе ги отстрани сите недостатоци кои ќе се појават како последица на неквалитетно изведување на работите или неквалитетно вграден материјал и опрема, како и на други недостатоци кои ќе се појават во гарантен рок по негова вина.**
**3.11.3.2 Гаранција за гарантен рок е во форма на банкарска гаранција. Гаранцијата за гарантен рок на договорот треба да е поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.**
**3.11.3.3 Гарантниот рок за изведените работи изнесува 24 месеци, а во предмерот на работите (вградени материјали и опрема) се наведени гарантните рокови за истите.**

[5] Доколку не се бара банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот, оваа точка се брише.

**3.11.3.4 Гарантниот рок започнува да тече од денот на извршен технички преглед на градбата, односно по изготвен Извештај за технички преглед на градбата од страна на надзорниот инженер, во кој е констатирано дека градбата може да се стави во употреба.**
**3.11.3.5 Гаранција за гарантен рок ќе биде со важност за целокупниот гарантен рок. Договорниот орган дополнително го утврдува крајниот датум на важност на гаранцијата.**
**3.11.5.6 Гаранција за гарантен рок носителот на набавката ја доставува до договорниот орган во рок од 5 работни дена од денот на извршен технички преглед на градбата, односно по изготвен Извештај за технички преглед на градбата од страна на надзорниот инженер, во кој е констатирано дека градбата може да се стави во употреба.**
**3.11.3.7 Гаранција за гарантен рок се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта или лично во седиштето на договорниот орган.**
**3.11.3.8 Носителот на набавката е должен во гарантниот рок, на барање на договорниот орган на свој трошок да ги отстрани сите недостатоци кои ќе се појават како последица на неквалитетно изведување на работите или неквалитетно вграден материјал и опрема, како и на други недостатоци кои ќе се појават по вина на носителот на набавката.**
**3.11.3.9 Гаранцијата за гарантен рок ќе биде наплатена во рок на стасаноста, доколку носителот на набавката:**
**- не се јави на повикот на договорниот орган за отстранување на сите недостатоци кои се појавиле како последица на неквалитетно изведување на работите или неквалитетно вграден материјал и опрема, како и на други недостатоци кои се појавиле по вина на носителот на набавката во гарантен рок и**
**- не ги отстрани сите недостатоци кои се појавиле како последица на неквалитетно изведување на работите или неквалитетно вграден материјал и опрема, како и на други недостатоци кои се појавеле по вина на носителот на набавката во гарантен рок.**
**3.11.3.10 Гаранција за гарантен рок му се враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена по истекот на гарантниот рок.**
**3.11.3.11 Гаранција за гарантен рок договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката, по пошта или лично во седиштето на договорниот орган.**

## 4. ПОДНЕСУВАЊЕ И ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

### 4.1 Поднесување на понудите

4.1.1 Понудата се поднесува во согласност со тендерската документација, со користење на обрасците дадени во прилог.
4.1.2 Понудата е обврзувачка за целиот период на важност што го утврдил договорниот орган.
4.1.3 Понудувачот ја доставува понудата со цена во која се засметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата, без ДДВ кој се искажува посебно, во валута утврдена во тендерската документација.
*[доколку цената на понудата се искажува во валута различна од денарот курсната листа што ќе се користи за евалуације е онаа на Народната банка на Република Македонија, а курсевите за размена се оние што важеле 14 дена пред крајниот рок за поднесување на понудите]*.
4.1.4 Цената на понудата се изразува за вкупниот предмет на набавка. *[Доколку предметот на набавка е поделен во делови, цената на понудата се изразува посебно за оној дел за кој се поднесува понудата]*.
4.1.5 Понудувачот може да ја измени, замени или да ја повлече својата понуда пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите.

4.1.6 Понудата се поднесува во електронска форма преку ЕСЈН и истата треба да биде електронски потпишана со користење на квалификуван сертификат за електронски потпис од одговорното лице на економскиот оператор или лице овластено од него. Сертификатот треба да биде со важност најмалку до моментот на јавното отворање односно крајниот рок за поднесување на понудите.
4.1.7 Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице.
***Напомена**: Подетални информации за начинот на дигитално потпишување се содржани во прирачникот „Општи и технички препораки за користење на ЕСЈН за економски оператори и договорни органи“ објавен на почетната страна на ЕСЈН во делот „Документи“.*
4.1.8 Економските оператори можат во хартиена форма да ја поднесат документација во нестандарден формат и големина пред крајниот рок за поднесување на понудите, доколку истите се преобемни за скенирање и прикачување на ЕСЈН. Оваа документација се доставува во запечатен внатрешен плик на кој се наведува полниот назив и адреса на економскиот оператор. Така запечатениот внатрешен плик се затвора во надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган;
- содржи информација за бројот на огласот за доделување на договор за јавна набавка и датумот на кој е објавен;
- во горниот лев агол стои предупредување „Не отворај“, за да не се отвора пред времето и датумот за отворање на понудата.

4.1.9 Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во точка 3.10.1 од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

## 4.2. Краен рок за поднесување на понудите

4.2.1 Краен рок за доставување на понудите е датумот и часот наведен во огласот објавен на ЕСЈН.
4.2.2 Понудите се поднесуваат преку ЕСЈН на следнава веб адреса: https://www.e-nabavki.gov.mk.
4.2.3 По истекот на крајниот рок за поднесување на понудите истите нема да може да се поднесат преку ЕСЈН.

## 4.3. Елементи на понудата

### 4.3.1 Понудата треба да е составена од следниве елементи:

- **Образец на понуда (Прилог 1),**
- **Изјава за сериозност на понудата (Прилог 2),**
- **Изјава за докажување способност или документи за докажување на способност[6] (Прилог 3)**
- **Модел на договор (Прилог 4)**
- **Изјава за посета на локација ( Прилог 5)**
- **Образец на листа на доверлиови информации.( Прилог 6)**
- **Образец на  листа на подизведувачи ( Прилог 7)**
- **Изјава за ангажирање / неангажирање на подизведувач(Прилог 8)**

## 4.4 Подизведување

4.4.1 Понудувачот може дел од договорот за јавна набавка да додели на подизведувач. Доколку понудувачот користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, во понудата:

– ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи;

[6] Во овој дел договорниот орган ги наведува документите кои економските оператори треба да ги достават со цел да ја докажат бараната способност. Воедно наместо бараните документи економските оператори може да достават изјава.

- доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи;
- доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и
- доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

**4.5 Отворање на понудите**

4.5.1 Отворањето на понудите е јавно, а ќе се изврши на датумот и часот наведен во огласот објавен на ЕСЈН како краен рок за поднесување на понудите, на следнава локација Општина Битола.

4.5.2 Понудувачот може да има свој овластен претставник на јавното отворање на понудите, при што овластениот преставник треба на комисијата да ѝ предаде писмено овластување од понудувачот, доколку сака да даде забелешки на постапката на јавно отворање.

4.5.3 Комисијата за јавни набавки ќе пристапи кон отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

## 5. ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

**5.1 Утврдување способност**

5.1.1 Во постапката за јавна набавка ќе може да учествуваат економски оператори за кои, договорниот орган преку придружната документација утврдува:

- дека не постојат причини за исклучување од постапката,
- дека се исполнети условите за квалитативен избор, и тоа:
  - а) способност за вршење професионална дејност;
  - в) техничка и професионална способност.

5.1.2 Економскиот оператор во прилог на понудата доставува изјава за докажување на способноста или документи за утврдување способност.

5.1.3 Доколку економскиот оператор во прилог на понудата доставува изјава за докажување на способноста, истата треба да биде изработена на образецот даден во Прилог 3 од тендерската документација и да биде електронски потпишана со користење на квалификуван сертификат за електронски потпис од одговорното лице на економскиот оператор или лице овластено од него.

5.1.4 Пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен да ги достави документите за утврдување способност, доколку не ги доставил со понудата.

5.1.5 Договорниот орган ги прифаќа документите за утврдување на способност од точка 5.1.4 на овој член кои се издадени и по крајниот рок за поднесување на понудите.

5.1.6 Придружната документација се поднесува во скенирана електронска форма.

**5.2 Причини за исклучување од постапката**

5.2.1 Договорниот орган ќе го исклучи од постапката за јавна набавка економскиот оператор:

1) доколку утврди дека на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од кривичните дела учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе, утврдени во Кривичниот законик.

2) кој има неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;

3) кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;

4) на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;

5) на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

6) на кој му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност или

7) кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

5.2.2 Договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка доколку до крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество е на листата на издадени негативни референци.

5.2.3 Договорниот орган ќе го исклучи економскиот оператор од постапката за јавна набавка во случаите доколку:[7]

а) договорниот орган оправдано заклучи дека економскиот оператор со други економски оператори постигнал договор чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата. Се смета дека заклучокот на договорниот орган од оваа точка е оправдан доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на пријава на договорниот орган, во рок од 15 дена го извести договорниот орган дека ќе поведе прекршочна постапка;

б) економскиот оператор покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или претходни договори за концесии и јавно приватни партнерства склучени со договорниот орган, што резултирало со еднострано раскинување на договорот, барање оштета или преземање други слични санкции од страна на договорниот орган;

в) економскиот оператор незаконски влијае врз одлуката на договорниот орган или да добие доверливи информации со кои би можел да стекне незаконска предност во постапката за јавна набавка.

5.2.4 За докажување дека не постојат услови за исклучување од постапката, економскиот оператор ги доставува следниве документи:

- изјава на економскиот оператор дека во последните 5 години на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години не му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од кривичните дела учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе, утврдени во Кривичниот законик;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста;

[7] Во оваа потточка се содржани опционалните услови за исклучување од постапката. Доколку не се утврдуваат оваа потточка се брише / или останува/ат само оној/ие основ/и кој се утврдува/ат.

- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност или единствен документ за докажување на способноста и
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - привремена забрана за вршење одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста.

5.2.5 Изјавата од алинеја 1 од потточка 5.2.4 ја изготвува самиот економски оператор во електронска форма и ја потпишува со квалификуван сертификат за електронски потпис и истата не треба да биде заверена од надлежен орган.

5.2.6 Потврдите од потточка 5.2.4 ги издаваат надлежни органи во земјата каде е регистриран економскиот оператор. Ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава овие документи или ако тие не ги опфаќаат сите горенаведени случаи, економскиот оператор може да достави изјава заверена кај надлежен орган.

5.2.7 Документите од потточка 5.2.4 не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за поднесување на понудите station наназад.

## 5.3 Услови за квалитативен избор

### 5.3.1 Способност за вршење на професионална дејност

5.3.1.1 Право на учество во постапката има секој економски оператор кој е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

5.3.1.2 Право на учество во постапката има секој економски оператор кој ги исполнува посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон, а се однесуваат на предметот на набавка

За да ја докаже способноста за вршење професионална дејност, економскиот оператор треба да достави:

5.3.1.3 – Потврда за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

***5.3.1.4 Како доказ за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста согласно закон потребно е да се достави Лиценца Б за изведувач на градба издадена од Министерство за транспорт и врски на Р.Северна Македонија односно соодветен документ во земјата каде што е регистриран доколку се работи за странски понудувач***

### 5.3.2 Техничка и професионална способност

5.3.2.1 Потребната техничка и професионалната способност за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган ќе ја утврди преку следниве минимални услови:

1. ***Да има реализирано минимум 1 (еден) договор во последните 5 години (сметано од денот на јавното отварање) за изградба и реконструкција на коловози во кој се опфатени фазите (коловоз, канализација и улично осветлување) од кој еден договор со вредност не помала од 12.000.000,00 денари***
2. ***Да има реализаирано минимум 1 (еден) договор во последните 5 години (сметано од денот на јавното отварање) за изградба и реконструкција на коловози.***
3. ***Да има реализаирано минимум 1 (еден) договор во последните 5 години (сметано од денот на јавното отварање) за изградба и реконструкција на каанлизација.***

4. ***Да има реализаирано минимум 1 (еден) договор во последните 5 години (сметано од денот на јавното отварање) за изградба и реконструкција на улично осветлување.***

***2. Да има вработено или ангажирано со полно работно време стручен кадар од областа поврзана со предметот на набавка, и тоа најмалку 30 градежни работници и најмалку 2(две) стручни лица со Овластување Б за изведба од областа на градежништво.***

***3. Да располага со следната опрема:***
***- 1 асфалтна база со А интегрирана еколошка дозвола,***
***- 1 (еден) финишера за вградување на асфалт,***
***- 1 (еден) вибро ваљак со мин. тежина од 8 тона,***
***- 2 (две) комбинирана машина ровокопач ,***
***- 1 (еден) грејдер,***
***- 2 (два) камиони кипери со носивост поголема од 18 тони,***
***- 1 (еден) гумен валјак.***

5.3.2.2 Економскиот оператор го докажува исполнувањето на минималните услови на техничка и професионална способност утврдени во точка 5.3.3.1 со доставување на следните документи:

(1) Листа на работи извршени во последните 5 (пет) години (од денот на јавното отварање), со приложување потврда/и за задоволителна изведба, со кои се потврдува исполнување на минималниот услов утврден во точка 5.3.2.1 алинеја 1. Потврдата треба да ги содржи следните податоци: број на договор, период на изведба, предмет на договор, фази на изведба, вредност и датум на завршување на договорот.
(2) опис на техничкиот персонал и техничките органи кои ќе учествуваат во извршувањето на јавната набавка, особено на оние кои се одговорни за контролата на квалитетот, а во случај на јавна набавка на работи, оние што ќе бидат вклучени во изведување на работите, без оглед на тоа дали се вработени /ангажирани кај економскиот оператор со полно работно време, како и важечки соодветните Овластувања утврдени во точка 5.3.2.1 алинеја 2 издадени од надлежни институции. (Доколку се работи за странски кандидат се доставува потврда за веродостојноста на овластувањата од соодветен орган)
(3) изјава за инструментите, постројките или техничката опрема, која понудувачот ја има на располагање за извршување на јавната набавка, со приложување на фактура и/или договор за ангажирана техничка опрема на име на понудувачот, со кои/ја се потврдува исполнување на минималниот услов т.е да се достави доказ за расположливост/достапност на техничка опрема утврдена во точка 5.3.2.1 алинеја 3.
(4) наведување на делот од јавната набавка, кој економскиот оператор има намера да го отстапи на подизведувач.

5.3.2.3 Доказите од точка 5.3.2.2 и тоа: изјавите ги изготвува и електронски ги потпишува самиот економски оператор и тие не мора да бидат заверени од надлежен орган.

**5.3.3 Користење способност од други субјекти**

5.3.3.1 Во постапката за јавна набавка, економскиот оператор може заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти.
5.3.3.2 Економскиот оператор може во постапката за јавна набавка да ја користи способноста на друг субјект за докажување на исполнетоста на условите за квалитативен избор во врска со образовните и стручните квалификации или релевантно стручно искуство само доколку другиот субјект ќе ги изведува работите или ќе ги обезбедува услугите за кои се бара таквата способност[8].
5.3.3.3 Ако економскиот оператор користи способност на друг субјект, тој е должен да ја докаже поддршката со Договор/Изјава дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси.
5.3.3.4 Со цел договорниот орган да може да провери дали субјектот чија способност ја користи економскиот оператор ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и дали постојат причини за негово исклучување, економскиот оператор треба да ја достави документацијата наведена во точките 5.2.4,5.3.1.3 и 5.3.2.2, од оваа тендерска документација.
5.3.3.5 Доколку економскиот оператор користи способност од друг субјект во однос на условите што се однесуваат на економската и финансиската состојба, договорниот орган може да побара економскиот оператор и субјектот кој дава поддршка да преземат солидарна одговорност за извршување на договорот.[9]
5.3.3.6 Ако во постапката учествува групата економски оператори, истата може да ја користи способноста на членовите во групата или на други субјекти на начин утврден во точките 5.3.3.2 и 5.3.3.3 од оваа потточка.

***НАПОМЕНА: Договорниот орган ги прифаќа документите за утврдување на способност од точка 5.1 на оваа тендерска документација кои се издадени и по крајниот рок за поднесување на понудите.***

**НАПОМЕНА 2: ДОГОВОРНИОТ ОРГАН ГО ЗАДРЖУВА ПРАВОТО, да обезбеди проверка на производствените капацитети на економскиот оператор, или ако е тоа потребно и на неговите капацитети за проучување и истражување, како и на мерките за контрола на квалитетот, која ја спроведува договорниот орган или во негово име ја спроведува надлежен орган во земјата во која економскиот оператор е регистриран.**

**5.4 Критериум за избор на најповолна понуда**
5.4.1. Договорниот орган како критериум за избор на најповолна понуда ќе ја користи економски најповолната понуда врз основа на:

- **цената**

5.4.2. За најповолна понуда ќе биде избрана понудата која има **најниска понудена цена**.

**5.5 Евалуацијата на понудите**
5.5.1. Кај поедноставената отворена постапка, комисијата, најпрво ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот. Истовремено,

[8] Доколку не се бараат образовни и стручни квалификации или релевантно стручно искуство оваа потточка се брише.
[9] Доколку не се бара оваа потточка се брише.

согласно со член 101 став 13 од законот, на ЕСЈН ја проверува листата на издадени негативни референци.
5.5.2. При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација, внимавајќи со бараното појаснување или дополнување да не создава предност во корист на одреден економски оператор.
5.5.3 Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рок кој го определила комисијата.
5.5.4. Комисијата не смее да бара, ниту да дозволува никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки.
5.5.5. Комисијата во примерен рок може да побара од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик.
5.5.6. Евалуацијата на понудите ќе се врши согласно со критериумите наведени во тендерската документација.
5.5.7. По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда.

**5.6 Заштита на податоци**

5.6.1. Договорниот орган нема да открива информации доставени од страна на економскиот оператор кои се означени како деловна тајна или утврдени како класифицирана информација.
5.6.2 Економскиот оператор може, врз основа на закон, друг пропис или општ правен акт да означи одредени податоци за деловна тајна или за класифицирани, вклучувајќи ги техничките или трговските тајни содржани во понудата или пријавата за учество, под услов да го наведе правниот основ врз основа на кој истите се означени за тајни или за класифицирани.
5.6.3 Економскиот оператор не смее да ги означи за деловна тајна или за класифицирана информација: цената на понудата, трошоците на животниот век, спецификациите на понудените стоки, услуги или работи, количините, податоците во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, јавните исправи, извадоците од јавни регистри и другите податоци кои согласно со посебните прописи мора јавно да се објавуваат или не смее да се означат како деловни тајни или како класифицирани информации.

**5.7 Исправка на аритметички грешки**

5.7.1 Доколку комисијата утврди дека постојат аритметички грешки исправка се врши на следниот начин:

1) кадешто има неусогласености на износот изразен во зборови и броеви, преовладува износот изразен во зборови, освен ако износот е поврзан со аритметичка грешка;
2) доколку има неусогласености помеѓу единичната цена и вкупната цена, а вкупната цена е резултат на множење на единичната цена и количината, во тој случај преовладува единичната цена, а вкупната цена ќе се коригира, освен ако не постои очигледно поместување на децималната запирка во единичната цена, при што во таков случај важи наведената вкупна цена, а единичната цена ќе се коригира;
3) доколку има грешка во вкупниот износ што соодветствува на додавањето или одземањето на меѓувредностите, преовладува меѓувредноста, а вкупниот износ ќе се коригира и
4) во случај на несовпаѓање помеѓу цената внесена на Електронскиот систем за јавни набавки  и цената внесена во образецот на понудата, за валидна се смета цената внесена во образецот на понуда и ќе се измени цената внесена во Електронскиот систем за јавни набавки.

**5.8 Поништување на постапката**

5.8. 1. Договорниот орган може да ја поништи постапката за јавна набавка, за што носи одлука за поништување на постапката ако:

- бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за јавна набавка согласно со овој закон,

- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда,
- настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган,
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот,
- оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци,
- добие инструкции од Бирото да ја поништи постапката во управна контрола или поради технички проблем на ЕСЈН кој не може да се надмине на поинаков начин, или
- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган.

5.8.2. Договорниот орган ги известува сите учесници во постапката за јавна набавка преку ЕСЈН, најдоцна во рок од три дена од денот на поништувањето, во врска со престанокот на обврските на учесниците што произлегуваат од поднесувањето на понудите и за причините за поништување на постапката.

## 6. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

### 6.1 Доделување на договорот за јавна набавка

6.1.1 Договорниот орган ќе ја донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, а не сметајќи ги деновите во кои договорниот орган чека преземање одредено дејствие од друг субјект.

6.1.2 Договорниот орган го склучува договорот за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна врз основа на техничката и на финансиската понуда во рок од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор, но не подоцна од периодот на важност на понудата.

6.1.3 Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.

### 6.2 Известување за доделување на договорот за јавна набавка

6.2.1 Договорниот орган ќе ги извести понудувачите за одлуките во врска со утврдената способност, извршениот избор на најповолна понуда, склучувањето на рамковната спогодба или поништувањето на постапката за јавна набавка. Известувањето се доставува во рок од три дена од денот на донесувањето на соодветната одлука.

6.2.2 Во прилог на известувањето ќе се достави и примерок од соодветната одлука, а истото ќе се испрати преку ЕСЈН.

6.2.3 По доставување на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката, а до истекот на рокот за вложување жалба, економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во целокупната документација од постапката, вклучувајќи ги доставените понуди или пријави за учество, освен оние документи што се означени како деловна тајна.

### 6.3 Склучување на договорот

6.3.1 Договорните страни го склучуваат договорот за јавна набавка во писмена форма во рамки на рокот на важност на најповолната понуда, но не подоцна од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор.

6.3.2 Договорот за јавна набавка или рамковната спогодба се склучува согласно со условите утврдени во тендерската документација и понудата.

### 6.4. Извршување на договорот

6.4.1 Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

6.4.2 Договорниот орган ќе врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка е во согласност со условите од договорот.

6.4.3 При извршувањето на договорот договорните страни покрај одредбите од Законот за јавните набавки, соодветно ќе ги применат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

**6.5 Измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност- согласно член 119 од ЗЈН**

(1) Договорот за јавна набавка или рамковната спогодба може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка во следниве случаи:

1. доколку измените, без оглед на нивната парична вредност, се предвидени во тендерската документација на јасен, прецизен и недвосмислен начин, како што се одредби за корекција на цени или опции. Во тие одредби мора да биде наведен обемот и природата на можните измени или опции, како и условите под кои може да се користат, но не смеат да имаат за последица суштинска промена на природата на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба;

2. за набавка на стоки, услуги или работи од првичниот носител на набавка кои не се вклучени во основниот договор, а кои поради непредвидени околности се нужни, и доколку замената на носителот на набавката:

- не е можна од економски или технички причини, како што се барањата во однос на заменливоста или интероперабилноста со постојната опрема, услуги или инсталации набавени во рамките на првичната постапка и
- ќе предизвика сериозни потешкотии или значително зголемување на трошоците на договорниот орган;

3. доколку промената е потребна поради околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба;

4. доколку првичниот носител на набавка го заменува друг економски оператор кој ги исполнува сите првично одредени услови во тендерската документација од спроведената постапка и кој е правен наследник на првичниот носител на набавка по извршено преструктурирање на претпријатието, вклучувајќи преземање, здружување, спојување или стечај, доколку тоа не вклучува други значителни промени на договорот и со тоа не се избегнува примената на овој закон;

5. доколку промената, без оглед на нејзината вредност, не е од суштинско значење во смисла на ставот (4) на овој член.

(2) Во случаите од ставот (1) точки 2 и 3 на овој став, вкупната вредност на измените на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба не смее да надмине 20% од вредноста на првичниот договор или на рамковната спогодба. Доколку се направени повеќе последователни измени, ова ограничување се применува на вредноста на сите промени заедно. Доколку договорот за јавната набавка вклучува одредба за корекција на цени, основ за пресметување на максималната дозволена вредност на измените е вредноста на договорот со ажурираните цени.

(3) Договорниот орган кој ќе изврши измени на договорот или на рамковната спогодба согласно со ставот (1) точки 2 или 3 на овој член објавува известување за измена на договорот за време на неговата важност во рок од десет дена од денот на склучување на договорот за изменување на првичниот договор.

(4) Измената на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба се смета за значителна доколку поради неа договорот или рамковната спогодба значително се разликува од првично доделениот договор за јавна набавка или рамковна спогодба, а особено ако:

а) со измената се воведуваат услови кои, доколку биле дел од првичната постапката за јавна набавка, би овозможиле учество на други кандидати освен оние кои првично биле поканети, или прифаќање друга понуда за најповолна наместо онаа што била првично избрана, или би овозможиле учество на дополнителни учесници во постапката за јавна набавка;

б) со измената се менува економската рамнотежа на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба во корист на носителот на набавка на начин што не бил предвиден во првичниот договор или рамковна спогодба;

в) со измената значително се проширува опфатот на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба;

г) друг економски оператор го заменува првичниот носител на набавка, освен во случаите од ставот (1) точка 4 на овој член.

(5) За измени на одредбите од важечки договор за јавна набавка или рамковна спогодба кои не се содржани во ставот (1) на овој член, договорниот орган е должен да спроведе нова постапка за јавна набавка согласно со овој закон.

(6) Причините за измена на договорот или рамковната спогодба и нивното образложение договорниот орган соодветно ги документира.

(7) Во случаите од ставот (1) точка 2 на овој член, документацијата во врска со измените вклучува објаснување на сите причини зошто се потребни стоките, услугите или работите, причините зошто истите не биле вклучени во основниот договор или рамковна спогодба, како и економските и техничките причини поради кои промената на првичниот изведувач не е можна.

(8) Во случаите од ставот (1) точка 3 на овој член, документацијата за измените вклучува опис на измените, причините за нив и околностите поради кои договорниот орган не можел да ги предвиди при доделување на основниот договор или рамковна спогодба, како и објаснување зошто овие измени не ја менуваат природата на договорот или рамковната спогодба.

## 7. ПРАВО НА ЖАЛБА И ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ЈАВНА НАБАВКА

### 7.1 Право на жалба

7.1.1 Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка.

7.1.2. Жалбата се изјавува до Државната комисија во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН.

7.1.3. Кај поедноставената отворена постапка, жалба се изјавува во рок од пет дена, од денот на:

1. објавување на огласот за јавна набавка, во однос на содржината на огласот или тендерската документација;
2. објавување на известувањето за измени и дополнителни информации, во однос на содржината на измените и дополнителните информации;
3. отворање на понудите, во однос на пропуштањето на договорниот орган соодветно да одговори на навремените прашања или барања за појаснување или измени на тендерската документација или
4. прием на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување, во однос на постапката на евалуација и избор на најповолна понуда, или за причините за поништување на постапката.

7.1.4 Жалителот кој пропуштил да изјави жалба во однос на основите од потточка 7.1.3 од 1, 2, 3 и 4, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.

### 7.2 Завршување на постапката за јавна набавка

7.2.1. Постапката за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

## *8. ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ:*

***ВО ПРИЛОГ КАКО ЗАСЕБЕН ДОКУМЕНТ Е ДАДЕНА ПРЕДМЕР - ПРЕСМЕТКА***

***ВО ПРИЛОГ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА Е ДАДЕН ПРОЕКТОТ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА***

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број ________ објавен од страна на Општина Битола, за набавка на работи

***„УПОТРЕБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОЛОВОЗ НА КРСТОСНИЦА НА УЛ. ПРИЛЕПСКА СО УЛ. БАТАЉОН СТИВ НАУМОВ (КРУЖЕН ТЕК) – БИТОЛА***
***фаза коловоз***
***фаза канализација***
***фаза улично осветлување***

со спроведување на поедноставена отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот: ______________________________________________
I.2. Контакт информации
- Адреса: ____________________________________________________
- Телефон: ___________________________________________________
- Факс: _________________________________________________________
- Е-пошта: ___________________________________________________
- Лице за контакт: _____________________________________________

I.3. Одговорно лице: ______________________________________________
I.4. Даночен број: ________________________________________________
I.5. Матичен број: ________________________________________________

**Дел II – Техничка понуда:**

**II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве работи: согласно предмер пресметка. (Во прилог на понудата ЗАДОЛЖИТЕЛНО се доставува пополнета техничка спецификација/техничка понуда)**

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување на работите утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: _______________________________________ *[со бројки]* (_______________________________________) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува ________________.

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

***III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и во целост ги прифаќаме активностите утврдени во техничката документација и предмер пресметката и сме запознаени со условите за работа од направениот увид на теренот. Истотака потврдуваме дека ке вградуваме материјали со квалитет утврден во предмер – пресметката и проектот.***

Место и датум ______________________________ Одговорно лице* ______________________________ (потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице

**Прилог 2 – Изјава за сериозност на понудата**

**И З Ј А В А**

Понудувачот _____________________________________________ [назив на економскиот оператор], како учесник во постапката за набавка на ________________________ која се спроведува по оглас за јавна набавка број ____________објавен од страна на ________________________, врз основа на член 101 став 4 од Законот за јавните набавки, со оваа изјава потврдува дека:

- нема да ги преземе дејствијата наведени во член 101 став 6 од Законот за јавните набавки,
- понудата има правно обврзувачка силаво сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност
- е свесен за последиците од прекршување на оваа изјава, што ќе доведе до издавање на негативна референца од страна на договорниот орган согласно со член 101 став 7 од Законот за јавните набавки.

Во име и за сметка на понудувачот_________________________________

Изјавил,
Одговорно лице/Овластено лице*__________________________________

(потпис)

Место и датум _________________________________

* Изјавата се потпишува електронски со користење на квалификуван сертификат за електронски потпис чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.

**Прилог 3 – Изјава за докажување на способноста**

**И З Ј А В А**

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека за ____________________________________________________________ *[се наведува назив на економскиот оператор]* не постојат причини за исклучување од постапката, како и дека во целост ги исполнува бараните услови за утврдување на способноста наведени во тендерската документација за поедноставената отворена постапка за набавка на _______________________________________ *[се наведува предметот на набавка]* која се спроведува по оглас бр. __________ *[се наведува бројот на огласот]* објавен од страна на __________________________________________ *[се наведува договорниот орган]*.

Истовремено изјавувам дека ги имам на располагање сите потребни документи за докажување на исполнувањето на бараните услови, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| ___________________________ | ___________________________ |
| | (потпис) * |

**Изјавата се потпишува електронски со користење на квалификуван сертификат за електронски потпис чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.

**Прилог 4 – Модел на договор**

ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА РАБОТИ

1. ДОГОВОРНИ СТРАНИ
А. Општина Битола, Булевар 1-ви мај бр.61, застапувана од Градоначалникот Тони Коњановски (во понатамошниот текст „Договорен орган", односно, „Нарачувач") од една страна,
и
Б. ____________________________________________
(назив, адреса, седиште и држава)
застапуван(о) од ____________________________________________________________
(во понатамошниот текст „Носител на набавката", односно „Изведувач") од друга страна.

II. ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ)
Член 1
За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:
„Нарачувач" е Договорен орган кој стекнал право на градење, а во чие име и за чија сметка се гради градба и го ангажирал Носителот на набавката како Изведувач за извршување на работите.
„Изведувач",односно, „Носител на набавката" е регистрирано физичко лице или правно лице, односно, Понудувач чија понуда е избрана за најповолна за изведување на работите од страна на Нарачувачот, односно Договорниот орган.
„Понуда на Изведувачот" е комлетирана понудбена документација поднесена од Изведувачот до Нарачувачот.
„Надзор на градба" е правно лице кое има соодветни лиценци за надзор на изведување на работи или физичко лице со соодветни овластувања, за вршење на надзор на изведување на работи, назначено од Нарачувачот да врши надзор на градба, за што Изведувачот е писмено известен.
„Градба" е се што настанало со изградба и е поврзано со земјиштето, а претставува физичка, техничко-технолошка и градежна целина заедно со изградените инсталации, односно, опрема. Градбата се до нејзиното запишување во јавната книга на недвижности претставува прирасток и припадок на земјиштето.
„Градење" е изведување на претходни работи, изработка на проектна документација, подготвителни работи, изградба на нова градба, реконструкција и адаптација на постојна градба што опфаќа: земјани работи, изведување на градежна конструкција, градежно-инсталатерски работи, градежно- завршни работи, вградување постројки или опрема и други работи со кои се оформува целината на градбата.
„Привремена градба" е градба изведена за потребите на градилиштето, за примена на соодветна технологија на изградбата, за потребите на одржување на саеми, јавни манифестации и слично.

„Реконструкција” е изведување на работи на постојна градба со кои се влијае врз исполнувањето на основните барања за градбата и со кои се менува усогласеноста на градбата со проектот, според кои е изградена, со изведување на доградба, надградба, менување на фасада, изведување на работи за пренамена на дел на градбата, промена на технолошки процес, санација на конструктивни елементи и слично.
„Адаптација” е изведување на работи во внатрешноста на постојна градба со што не се менуваат конструктивните елементи на градбата.
„Употреба на градежен објект” е вршење активности во градежен објект согласно со неговата намена утврдена со решението за локациски услови и основниот проект.
„Одржување на градежен објект” е изведување на работи заради зачувување на основните барања на објектот во текот на неговото употребување.
„Градежен производ” е производ кој е произведен за трајно вградување во градби, за кој е добиена позитивна техничка оцена дека производот е соодветен за употреба за предвидена намена.
„Постројка” е збир на поврзана опрема која служи за остварување на технолошкиот или друг процес согласно со намената за градбата.
„Опрема” се поединечни уреди, процесни инсталации и други производи од кои се состои постројката или самостојно се вградени во градбата и служат за технолошкиот или друг процес, согласно со намената за градбата.
„Претходни работи” се работи кои, во зависност од видот и карактерот на градбата, опфаќаат истражување и изработка на анализи и други стручни материјали, прибавување на податоци со кои се анализираат геолошките, геотехничките, геодетските, хидролошките, метеоролошките, урбанистичките, техничките, технолошките, економските, енергетските, сеизмичките, водостопанските и сообраќајните услови, услови за заштита од пожари и заштита на животната средина, како и други услови предвидени со закон.
„Проектна документација” претставува севкупност на меѓусебно усогласени студии, проекти, елаборати, анализи, експертизи и друга документација, со која се утврдува концепцијата и се дефинира техничкото решение на градбата, се разработуваат условите и начините на изградбата и се обезбедуваат нејзината технолошка функција, предвидената трајност и услови за употреба.
„Подготвителни работи” се изведување на при времени градби и други активности за организирање и уредување на градилиштето, како и овозможување на примена на соодветни градежни технологии.
„Градилиште” е простор на кој се гради, реконструира, адаптира, изведуваат работи за одржување или отстранување на градба и привремено зафатениот простор потребен за примена на соодветни градежни технологии.
„Отстранување” е изведување на работи на уривање или на демонтирање на градба, градежен објект или нивни делови, на собирање и транспорт на градежниот материјал и отпад создаден со уривањето, односно со демонтирањето на градбата и на соодветно уредување на земјиштето.
„Градежен Дневник” е документ кој што, за време на изведувањето на Работите на изградбата, секојднево и перманентно се води на градилиштето и во кој се внесуваат, како минимум, следните податоци: датумот, работното време, временските услови, бројот, структурата и квалификацијата на работната рака и персоналот на Изведувачот, ангажираната градежна механизација, постројки, опрема, на Изведувачот, описот на дневно извршените работи со точна назнака на позициите според Предмерот, разни известувања што ги разменуваат Изведувачот и Надзорот на градба и налози на Надзорот на градба и сл.
Изведувачот го води Градежниот Дневник во оргинал и копија, при што оргиналот е за Надзорот на градба, а копијата останува за Изведувачот.
Во секој момент Градежниот Дневник треба да биде на располагање на Надзорот на градба за преглед, коментари, корекции, забелешки и потпис.
„Градежна книга” е документ кој што, за време на изведувањето на Работите на изградбата перманентно се води на градилиштето и во кој, врз основа на мерењата што заеднички ги извршиле Изведувачот и Надзорот на градба, или ги извршил Изведувачот, а ги проверил и потврдил Надзорот на градба, се внесуваат количините на вистински извршените Работи на изгрдабата на пизиции на Предмерот.
Изведувачот ја води Градежната книга во оргинал и копија, при што оргналот е за Надзорот на градба, а копијата останува за Изведувачот.

Градежната Книга во секој момент треба да биде на располагање на Надзорот на градба за преглед, коментари, корекции и потпис.
„Предемер-пресметка" значи комлетна Предмер пресметка со внесени цени, која е дел од Понудата.
„Вишоци на работи„ се количества на изведени работи што ги преминуваат договорените количества на работи.
„Денови" се календарски денови; месеци се календарски месеци .
„Недостаток" е било кој дел од работите кој не е комлетиран во согласност со Договорот.
„Техничка документација" се урбанистичките, геодетските, хидро-геолошките и геомеханички подлоги, проектите со неопходните описи, пресметки графички прилози, посебните елаборати и актите со кои се утврдуваат и разработуваат условите за изградба на објектот, условите и начинот на градбата на објектот, како и услови пропишани со закон и прописи донесени врз основа на закон.
„Документација на градилиште" е документација која Изведувачот на градба на градилиштето е должен да ја има и се состои од: решение за упис во трговскиот регистар и лиценца за Изведувач на градба; акт за именување на главен инженер на градилиштето, раководен инженер на градилиштето, односно инженер на градилиште; акт за именување надзор на градба односно надзорен инженер на градилиштето; решение за локациски услови; одобрение за градење со основен проект; изведбен проект; извештај за извршена ревизија од ревидентот; градежен дневник и градежна книга; доказ за пропишан квалитет за вградените градежни производи; акт за обележување на градбата; елаборат за заштита при работа; комплетни податоци за учесниците во изградбата и друга документација ако со друг закон е пропишана обврска дека изведувачот треба да ја има на градилиштето.
„Подизведувач" е физичко или правно лице, кое има Договор со Изведувачот за да изведе дел од работите во Договорот, кои вклучуваат работа на Градилиштето.
„Кусоци на работи" се негативни отстапувања на изведените работи во однос на договорените количества на работи.
„Непредвидени работи" се оние работи што со договорот не се опфатени, а кои мораат да се изведат.
„Дополнителни работи" се оние работи што не се договорени и не се нужни за исполнувањето на договорот, а Нарачувачот бара да се изведат.
„Примерен рок" е рокот во кој по редовен тек на нештата може да се изврши обврската што е во прашање во конкретниот случај.
„Идеен проект" е збир на меѓусебно усогласени графички прикази и документи со кои се утврдуваат основните облици, функционални и технички решенија на градбата и се прикажува поставеноста на градбата во локацијата.
„Основен проект" е збир на меѓусебно усогласени проекти со кои се дава техничко решение на градбата, се прикажува поставеноста на градбата во локацијата и исполнувањето на основните барања за градбата.
„Изведбен проект" е проект со кој се разработува техничкото решение содржано во основниот проект. Изведбениот проект мора да биде изработен во согласност со основниот проект.
„Проект на изведена состојба" е проект со кој што се прикажува фактичката состојба на изградената градба. Проектот на изведена состојба го изготвува изведувачот и/или проектантот во текот на изградбата и служи како основа за изработка на проектот за употреба и одржување.
„Проект за употреба и одржување" е проект со кој се утврдуваат оптималните техничко-технолошки и функционални услови со кои се обезбедува проектираната трајност на одделни делови, односно на градбата во целина и содржи особено: вид, начин, намена и рокови на периодична проверка во утврдени интервали, на состојбата на конструктивниот систем, опрема, уреди и инсталации; периодично следење во утврдени интервали со анализа на влијанијата на технолошкиот процес, на климатски влијанија, односно влијанија на околната средина врз носивоста и стабилноста на одделни елементи, односно конструкцијата во целина; роковите за тековен, односно генерален ремонт на постројки, уреди, опрема и инсталации, како и роковите за задолжителна замена на одделни елементи, делови, уреди, опрема, инсталации и друго.
„Воведување на Изведувачот во работа" е исполнување на оние обврски на Нарачувачот без чие претходно исполнување започнувањето на работите фактички не е можно или правно не е дозволено.

III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

Член 1
Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со работи согласно одлуката за јавна набавка бр. _______, по спроведената поедноставена отворена постапка оглас бр. ________ објавен на ЕСЈН, во Службен весник на Р. Северна Македонија која заврши со електронска аукција и Одлуката за избор на најповолна понуда бр. ___________________ од __________ година.

Член 2

Предмет на овој договор е

***„УПОТРЕБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОЛОВОЗ НА КРСТОСНИЦА НА УЛ. ПРИЛЕПСКА СО УЛ. БАТАЉОН СТИВ НАУМОВ (КРУЖЕН ТЕК) – БИТОЛА***
***фаза коловоз***
***фаза канализација***
***фаза улично осветлување***

согласно прифатената понуда и согласно техничките спецификации од тендерската документцаија составен дел на овој договор.

Член 3
Работите од член 2 на овој Договор треба да се изведат во се според описите и количините од договорената пресметка како и важечките прописи, правила и стандарди.

Член 4
Со овој Договор Нарачувачот и Изведувачот ги регулираат своите права и обврски.

ИВ. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 5
Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

В. ЦЕНА И ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Цена

Член 6
Изведувачот, работите наведени во чл.1 на овој договор, ќе ги изведе за вкупна вредност од _____________________________(со букви) денари, согласно постигнатата цена на е-аукцијата одржана на ден _________________ година, вкулучувајки ги сите трошоци и попусти.
Во договорената вредност пресметан е данокот на додадена вредност.
Единечните цени за изразување на пооделни фази и позиции од договорените работи се дадени во понудата на Изведувачот која е составен дел од овој договор. Во единечните цени се вкалкулирани сите трошоци за работа, материјал, транспортни трошоци, монтажа, даночни обврски, добивка и сите други трошоци и помошни работи кои се потребни при формирање на цената.

Единечните цени постигнати на е-аукциата се фиксни и непроменливи за цело време траење на договорот.

Член 7

Конечната вредност на работите ќе се утврди со конечна пресметка која се врши по примопредавањето на изведените работи. Работата врз конечната пресметка започнува веднаш по извршеното примопредавање, а се завршува во рок од 60 дена од денот на примопредавањето.

Член 8

Со конечната пресметка се опфаќаат сите работи изведени врз основа на договорот, вклучувајќи ги и непредвидените, дополнителните и вишоците на работи што изведувачот бил должен да ги изведе, без оглед дали работите се опфатени со времените ситуации.

Член 9

Конечната пресметка содржи особено:
1) вредноста на изведените работи според договорените цени постигнати на е-аукција;
2) износ на разликите во цената;
3) износ исплатен по основ на ситуации;
4) конечен износ што изведувачот треба да го прими или врати по неспорниот дел на пресметката;
5) износ на цената што Нарачувачот го задржува за отстранување на недостатоци;
6) податокот дали објектот е завршен во договорениот рок, а ако не е, колку изнесува пречекорувањето на рокот;
7) податок за тоа кој е договарач, по кој основ и во кој износ бара наплата на договорната казна и надоместок на штета, како и нивни оспорени и неоспорени износи;
8) вкупен износ на цената на изведените работи;
9) податоци за другите факти за кои не е постигната согласност на овластените претставници на договарачите.
10) проект за изведена состојба

Член 10

Ако Нарачувачот без оправдана причина го одбие учеството во конечната пресметка или го одолжува своето учество во изработката на пресметката. Изведувачот може самиот да изврши пресметка и за тоа да го извести Нарачувачот. Тоа право му припаѓа и на Нарачувачот.

Член 11

Секој договарач ги поднесува трошоците на своето учество во изработката на конечната пресметка.

ВИ. ВРЕМЕ ТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Времетраењето на овој Договор престанува кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, т.е времетраењето на договорот е до конечно завршување на договорените работи.

ВИИ. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 13

Изведувачот е должен сите работи предвидени во член 2 од овој Договор да ги заврши во рок од 6**0 работни дена** од воведување на изведувачот во работа.
Изведувачот е должен да ги изведува работите согласно роковите дадени во динамичниот план доставен во прилог на договорот.

Член 14

Рокот за изведување на работите го дефинира инвеститорот на проектот на соодветна локација, и истиот тече од воведувањето на Изведувачот во работа.
За воведување во работа помеѓу Надзорниот инженер и изведувачот се составува Записник.
Датумот на воведување во работа се констатира во градежен дневник.
Изведувачот започнува со работа наредниот ден од денот на воведување во работа од страна на Надзорниот инженер.

Нарачувачот има право да го раскине овој договор доколку Изведувачот не започне со исполнување на обврските од предметот на набавка одреден во член 2 од овој договор, во рок од 7 (седум) дена од писменото известување за воведување во работа.
Нарачувачот има право еднострано да го раскине договорот доколку дадените рокови во фази од динамичниот план се надминат за 50% повеќе во било која фаза.

Нарачувачот по раскинувањето на договорот има право да склучи договор со друг Изведувач, а Нарачувачот има право на надоместокот на штета и наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договор.

Член 15

Ако постои оправдано сомневање дека работите ќе бидат изведени во договорениот рок, Нарачувачот има право да побара од Изведувачот да превземе потребни мерки со кои се обезбедува соодветно забрзување на работите и нивно усогласување со договорениот план на градењето.

Член 16

Ако Нарачувачот изведувањето на работите им го отстапил на двајца или поголем број изведувачи на ист објект, должен е да ја координира работата на тие изведувачи во поглед на роковите за извршување на тие работи.

Член 17

Изведувачот има право да бара продолжување на рокот за изведување на работите во случај во кој поради променети околности или неисполнување на обврските од Нарачувачот бил спречен да ги изведува работите.

Продолжувањето на рокот се определува според траењето на пречката, со тоа што рокот се продолжува и за времето потребно за повторното започнување на работите и за евентуалното praвеmestување на работите во понеповолно годишно време.

Како причини, поради кои, во смисла на став 1 од овој член, може да се бара продолжување на роковите, се сметаат особено:

1) природни настани (пожар, поплава, земјотрес, исклучително лошо време, невообичаено за годишното време и за местото на кое се изведуваат работите и сл.);
2) мерките предвидени со акти на надлежните органи;
3) услови за изведување на работите во земја или во вода, што не се предвидени со проектната документација;
4) задоцнување на воведувањето на Изведувачот во работата;
5) неисполнувањето или неуредното исполнување на обврските на Нарачувачот како што се отстранување на недостатоци во проектната документација врз основа која се изведуваат работите, исплатата на аванс и исплатата на привремена ситуација;
6) задоцнување во испораката на опрема, ако опремата ја набавува Нарачувачот или ја испорачува лице кое го определил Нарачувачот;
7) непредвидените работи за кои Изведувачот при склучување на договорот не знаел ниту можел да знае дека мораат да се изведат;
8) вишоци на работите над 10 % од договорените количества на работите.

Член 18
Изведувачот е должен барањето за продолжување на рокот да го поднесе до Нарачувачот штом ќе дознае за причината поради која рокот може да се продолжи.

## VIII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 19
Нарачувачот и Изведувачот можат да се договорат дека Изведувачот ќе му плати на Нарачувачот определен паричен износ или ќе му прибави некоја материјална корист (договорна казна), ако:
- не ја исполни својата обврска, или
-задоцни со нејзиното исполнување.

Член 20
Договорната казна изнесува 1‰ ( 1 промил) од вкупната договорена цена на работите за секој ден задоцнување ако работите не се завршат во предвидениот рок, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната цена на работите.

Член 21
Договорната казна се пресметува до примопредавањето на објектот, односно, на дел од објектот што претставува економско-техничка целина и може да се користи самостојно.
Ако Нарачувачот го започнал користењето на објектот или на дел од објектот пред примопредавањето, договорната казна се пресметува до почетокот на користењето.

Член 22
Барањето за остварување на правото на договорна казна може да се оствари до завршетокот на конечната пресметка.

Член 23
Кога казната е договорена за случај на неисполнување на обврската, Нарачателот може да бара или исполнување на обврската или договорна казна.
Нарачателот го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.
Кога казната е договорена за случај да се задоцни со извршување на обврската, Нарачателот може да бара и исполнување на обврската и договорна казна.

Член 24
Нарачателот има право да бара договорна казна и кога нејзиниот износ ја надминува висината на штетата што ја претрпел, како и кога не претрпел никаква штета.
Ако штетата што ја претрпел Нарачателот е поголема од износот на договорната казна, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата.

## IX. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 25
Плаќањето на договорените работи ќе се врши преку потпишани и заверени времени ситуации или преку потпишана и заверена завршна ситуација од страна на овластено лице од изведувачот и надзорниот инженер, доставени до договорниот орган (нарачувачот) по стварно завршена работа.
Плаќањето на работите кои се предмет на овој Договор, ќе се врши вирмански одложено во рок од 60 дена по одобрена времена градежна ситуација.

Член 26
Времените месечни ситуации ги испоставува Изведувачот за период од еден месец.

Времената месечна ситуација се доставува до Нарачувачот во примерниот рок по истекот на периодот за кој се однесува и истата е заверена од надзор.
Секоја времена ситуација содржи податоци за претходно завршени работи, завршени работи за тековниот месец и кумулативно завршени работи.
Конечната ситуација Изведувачот ја доставува и поднесува на исплата по извршеното примопредавање на изведените работи.

Член 27

Нарачувачот е должен да ги исплати времените месечни ситуации поднесени од Изведувачот во рок од 60 дена од денот на приемот на истите, а конечната ситуација во рок од 60 дена од денот на приемот.

Член 28

Ако Нарачувачот оспори дел од применета ситуација, неспорниот износ се плаќа во рокот од ставот 1 на овој член.

Член 29

Нарачувачот има право да задржи дел од цената за отстранување на недостатоците утврдени при примопредавањето на работите.
Вредноста на задржаниот дел т.е оспорениот износ е еднаков на потребните средства за отстранување на утврдените недостатоци.

Член 30

Задржаниот дел од цената Нарачувачот може да го употреби за остранување на недостатоците на изведените работи, ако изведувачот на писмена покана од Нарачувачот не ги отстрани тие недостатоци во примерениот рок од 30 дена.

Член 31

Задржаниот износ, односно, неговиот непотрошен дел Нарачувачот му го исплатува на изведувачот во рок од 30 дена (истиот рок од понудата) од денот на примопредавањето на работите, односно, веднаш по отстранувањето на недостатоците утврдени при примопредавањето.

Член 32

Ако Нарачувачот доцни со исплата на времената месечна ситуација тогаш Изведувачот има право привремено да го запре изведувањето на работите по овој Договор.

Член 33

Ако Нарачувачот е одговорен за запирањето на работите, должен е на Изведувачот да му ја надомести штетата што ја претрпел поради запирањето на работите и истата не може да биде поверќе од 10% од вредноста на неизведените работи без ДДВ.

XI. ОБВРСКИ НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Член 34

Изведувачот е должен работите од член 2 на овој Договор да ги изведе во целост и на начин и во роковите што се определени со овој Договор, прописите и правилата на струката, и согласно актите кои се составен дел на овој договор и тоа:
Прифатената понуда и цена по електронска аукција,
Динамичен план за изведување, и
Останатите документи согласно закон

Член 35

Изведувачот е должен навремено и детално да ја проучи проектната документација врз основа на која се изведуваат договорените работи и од Нарачувачот навремено да побара објаснение за недоволно јасните детали.

Член 36

Изведувачот нема право да ја менува проектната документација.

Ако уочи недостатоци во проектната документација или смета дека таа документација треба да се менува заради нејзино подобрување или од други причини, Изведувачот е должен за тоа навремено да го извести Нарачувачот.

Ако уочените недостатоци во проектната документација ја загрозуваат сигурноста на објектот, животот или здравјето на луѓето, сообраќајот или соседните објекти, до отстранувањето на недостатоците Изведувачот ќе го запре изведувањето на работите и ќе преземе мерки за отстранување на недостатоците.

Нарачателот ке побара писмено мислење од страна на надзорот и изготвувачот на проектот за основаноста на уочените недостатоци.

Член 37

Изведувачот е должен да изготви План за градење со динамика и рокови за изградба и истиот да го достави до нарачувачот пред воведувањето во работа.
Изведувачот е должен во рок од 3 работни денови од денот на склучување на овој договор да определи Инженер за изведба кое ќе раководи со иградба на градбата. Инженерот на изведба ке биде одговорен за исполнување на обврските согласно договорот и законските прописи.
Доколку во текот на изведувањето на работите дојде до промена на инжењерот на изведба и определи друго лице кое ке раководи со изведбата, изведувачот е должен во рок од три(3)денови да го извести Нарачувачот за настанатата промена.
Изведувачот е должен на објектот да води градежен дневник и градежна книга кои ќе бидат потпишани од Надзорот на градба.

Член 38

Изведувачот е должен времените месечни ситуации за наплата на извршените работи да ги достави до Нарачувачот до 5 (петти) од месецот за работи извршени во претходниот месец.

Член 39

Изведувачот е должен на Нарачувачот да му го предаде Проектот на изведена состојба по завршувањето на работите, односно, по раскинувањето на договорот.

Член 40

Ако при изведувањето на договорените работи е предвидено Изведувачот да вградува определена опрема и материјали што ги набавува Нарачувачот, Изведувачот е должен материјалите и опремата што ќе ги прими од Нарачувачот да ги складира, чува и одржува до вградувањето.

Член 41

Трошоците за складирањето, чувањето и одржувањето на примените материјали и опрема ги поднесува Изведувачот.

Трошоците од став 1 на овој член, ги поднесува Нарачувачот ако материјалите и опремата му ги предал на Изведувачот пред рокот определен со договорената динамика на работите.

Член 42

Изведувачот е должен на градилиштето да презема мерки заради обезбедување на сигурноста на објектот и на работите, опремата, уредите и инсталациите, работниците, минувачите, сообраќајот **( да изработи основен сообраќаен проект за време на изведување на градежни работи на објект),** соседните објекти и околината.

Ако на исто градилиште работи изведуваат повеќе изведувачи, секој Изведувач презема мерки на заштита и ја обезбедува сигурноста на работите што тој ги изведува.

Трошоците за спроведување на мерките од став 1 и 2 на овој член, ги поднесува Изведувачот што ги презема тие мерки.

Член 43
Од почетокот на изведувањето до предавањето на работите на Нарачувачот, изведувачот на погоден начин ги обезбедува и чува изведените работи, опрема и материјали од оштетување, пропаѓање, однесување или уништување.

Ако на исто градилиште работи изведуваат повеќе изведувачи секој од нив секој од нив ги обезбедува и чува своите работи, опрема и материјали.

Член 44
Изведувачот ги поднесува трошоците на обезбедувањето и чувањето на изведените работи, опрема и материјали и на ризикот на нивното оштетување, уништување, однесување и пропаѓање.

Член 45
По завршените работи, односно, по раскинувањето на договорот, изведувачот е должен од градилиштето да ги повлече своите работници, да ги отстрани преостанатите материјали, опрема и средства за работа, како и привремените објекти што ги изградил и да го исчисти објектот и градилиштето.

Трошоците настанати во врска со работите од став 1 на овој член, извршени по завршетокот на договорените работи, ги поднесува Изведувачот.

Трошоците настанати во врска со работите од став 1 на овој член, извршени во случај на раскинување на Договорот, ги поднесува договорната страна што е одговорна за раскинување на Договорот.

XII. ОБВРСКИ НА НАРАЧУВАЧОТ

Член 46
Нарачувачот е должен да ги отстрани сите постоечки проблеми во предвидениот рок до воведување на Изведувачот во работа со што би се овозможило несметано изведување на работите.

Член 47
Нарачувачот по склучувањето на Договорот ќе го одреди датумот за воведување во работа.

Воведувањето на Изведувачот во работа го врши надзорниот инженер и истото опфаќа:
1) предавање на градилиштето, под кое, зависно од предметот на Договорот, се подразбира:
2) предавање на Изведувачот на проектната документација за изведување на работите во потребен број примероци;
3) предавање на Изведувачот одобрение за изградба;
За воведувањето на Изведувачот во работа се составува посебен записник и тоа се констатира во градежниот дневник.

Член 48
Нарачувачот е должен да постапи по барањето на Изведувачот, со кое се бара објаснение за недоволно јасните детали од проектната докумантација и во примерен рок и во писмена форма да му го даде бараното објаснение од техничката документација.

Член 49
Нарачувачот е должен пред започнување на работите да именува свој Надзор на градба, односно, надзорен инженер, и со писмо да го извести Изведувачот за тоа.

Член 50

Нарачувачот е должен, на писмено барање на Изведувачот, да обезбеди технички прием на објектот.

Во случај Нарачувачот да пушти во употреба некои делови од објектот или целиот објект, пред да биде извршен технички прием, ќе се смета дека објектот е примен од страна на Нарачувачот.

Од денот кога ќе започне да се користи објектот од страна на Нарачувачот престануваат сите обврски на Изведувачот во поглед на чување на извршените работи, а гарантниот рок почнува да се смета од денот кога е започнато ваквото користење.

10.РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 51

При реализација на договорот за јавна набавка не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка

XV. УСЛОВИ ЗА КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

Член 52

Изведувачот е должен, согласно правилата на струката, да ја испита правилноста на техничките решенија во проектната документација и да го предупреди Нарачувачот за грешките што ќе ги забележи.

Член 53

Изведувачот е должен во објектот да вградува материјали и опрема што му одговараат на пропишаниот или договорениот квалитет. Ако е потребно Изведувачот е должен да изврши соодветно испитување на материјалот.

Ако методите за испитување на материјалите не се определени со проектната документација или со техничките прописи, ги определува Изведувачот.

Трошоците за испитување на материјалите ги поднесува Изведувачот.

Член 54

Изведувачот е должен да го предупреди Нарачувачот за воочените или утврдените недостатоци на материјалите и опремата што се предвидени во проектната документација, како и материјалите и опремата што ги набавил или избрал Нарачувачот.

Материјалите и опремата од став 1 на овој член, Изведувачот може да ги вградува само ако Нарачувачот, откако Изведувачот го предупредил за недостатоците, бара да се вградат и ако вградувањето на тие материјали и опрема не ја загрозува стабилноста на објектот, животите на луѓето, соседните објекти, сообраќајот и околината.

Изведувачот е должен да го предупреди нарачувачот за воочените или утврдени недостатоци на материјалите и опремата што се предвидени со техничката документација, како и материјалите и опремата што ги набавил или избрал Нарачувачот.

Материјалите и опремата од став 1 на овој член, Изведувачот може да ги вградува само ако Нарачувачот, откако Изведувачот го предупредил за недостатоците, бара да се вградат и ако вградувањето на тие материјали и опрема не ја загрозува стабилноста на објектот, животите на луѓето, соседните објекти, сообраќајот и околината.

Член 55

Изведувачот е одговорен за употреба на материјалите и опремата што не му одговараат на договорениот или пропишаниот квалитет, освен во случај од став 2 на член 44 на овој Договор.

Член 56

Ако Изведувачот не ги изведува работите според договорената проектна документација, техничките прописи и стандарди, како и според резултатите од сопственото испитување и правилата на струката, Нарачувачот има право да бара запирање на натамошното изведување на работите, односно, да бара промена на материјалите или употреба на материјали и опрема од соодветен квалитет. Ако на тој начин е доведена во прашање сигурноста на објектот, животите на луѓето или на соседните објекти, Нарачувачот има право да бара Изведувачот да ги урне изведените работи и работите повторно да ги изведе на свој трошок на начин што е договорен.

Член 57

Изведувачот е должен да даде докази за квалитетот на употребените материјали и опрема и на изведените работи и да му овозможи контрола на Нарачувачот.

**Нарачувачот по фазата асфалтирање ке ангажира лабараторија која ке изврши контрола на квалитеот на вградениот асфалт по МКС ЕН 13036-4.**

Конечната оцена на квалитетот на изведените работи и на употребените материјали и опрема се врши при примопредавањето на изведените работи.

Ако контолата на Нарачувачот бара откривање на одделни работи или просечување отвори, Изведувачот е должен да го овозможи тоа.

Трошоците на контролата ги поднесува Нарачувачот. Трошоците на контролата го опфаќаат и откривањето на работите, просечувањето на отвори и поправки, односно, враќање на работите во состојба која се наоѓале пред извршената контрола.

По исклучок од став 4 на овој член, трошоците на контролата ги поднесува Изведувачот ако не му е овозможи на Нарачувачот на време да ја изврши конторолата на изведените работи и на употребените материјали и опрема, па поради тоа при подоцнежната контрола настанале трошоци што инаку би ги немало.

Член 58

Сите наоди на контролата на Изведувачот и на контролата на Нарачувачот се запишуваат во градежниот дневник.

Во случај на несогласност на наодите на контролата на Изведувачот и на контролата на Нарачувачот, ќе се изврши заедничка дополнителна контрола. Трошоците на заедничката дополнителна контрола паѓаат на товар на договорачот чиј наод не е потврден.

Член 59

Ако Изведувачот во текот на изведувањето на работите не постапи по основаното барање на Нарачувачот и не ги отстрани недостатоците на изведените работи, Нарачувачот може да го раскине договорот и да бара од Изведувачот надомест на штета што настанала поради неквалитетно изведените работи и поради раскинувањето на договорот.

Ако Изведувачот не ги отстрани во примерениот рок од 30 дена недостатоците што се утврдени при техничкиот преглед и примопредавањето на изведените работи, Нарачувачот може, врз товар на Изведувачот отстранувањето на недостатоците да му го отстапи на трето лице . При тоа Нарачувачот е должен да постапува како добар стопанственик.

XVI. НАДЗОР НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 60

Нарачувачот има право да врши надзор на изградба над работите на Изведувачот заради проверување и обезбедување на нивно уредно изведување, особено во поглед на видот, количеството и квалитетот на работите, на материјалните и опремата и на предвидените рокови.

Заради вршење на надзор на изградба Нарачувачот има право на пристап на градилиштето, во работилниците, погоните и местата за складирање на материјалите.

Надзор на изградба го врши надзорниот инжинер што ќе го определи Нарачувачот.
За надзорниот инжинер што е определен да врши надзор на изградба и за неговите овластувања Нарачувачот го известува Изведувачот.

Надзор над извршувањето на градежните работи врзани за овој предмет на набавка ке врши економски оператор избран на јавен повик од страна на нарачателот, а за тоа изведувачот на работите писмено ке биде известен од страна на нарачателот.

Член 61

Изведувачот е должен да му овозможи на Нарачувачот вршење на надзор на изградба.

Член 62

Забелешките во поглед на начинот на изведувањето на работите, на употребениот материјал или на текот на изведувањето на работите Нарачувачот е должен без одлагање да му ги соопшти на Изведувачот.

Сите забелешки и наоди од Нарачувачот се соопштуваат во писмена форма или се запишуваат во градежниот дневник.

Член 63

Изведувачот е должен да постапи по сите основни барања од Нарачувачот поднесени во врска со вршењето на стручниот надзор.

## XVII. НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ИЗВЕДЕНИТЕ РАБОТИ

Член 64

Веднаш по завршувањето на работите Изведувачот го известува Нарачувачот дека работите што се предмет на договорот се завршени.

Член 65

Нарачувачот и Изведувачот се должни без одлагање да пристапат кон примопредавање и конечна пресметка.

Член 66

Ако Нарачувачот започнал да го користи објектот пред примопредавањето, се смета дека примопредавањето е извршено со денот на почетокот на користењето.

Член 67

За примопредавањето се составува записник кој ги содржи особено следните податоци:
1) дали работите се изведени според договорот, прописите и правилата на структурата;
2) дали квалитетот на изведените работи му одговара на договорениот квалитет, односно, кои работи Изведувачот треба на свој трошок да ги доработи, поправи или повторно да ги изведе и во кој рок тоа треба да го стори;
3) за кои прашања од техничка природа не е постигната согласност помеѓу овластените претставници на договорачите;
4) констатација за примопредавањето на гарантните листови и атести за опремата што е вградена;
5) датумот на завршувањето на работите и датум на извршеното примопредавање.

Член 68

Записникот за примопредавање може да го состави и само еден договорач без учество на другиот ако другиот договорач неоправдано го' одбие учеството во примопредавањето или неоправдано не се одзове на поканата да учествува во примопредавањето. Таквиот записник се доставува до другиот договарач. Со денот на доставувањето на записникот настануваат последиците во врска со примопредавањето.

Член 69

Ако во записникот за примопредавањето обострано се констатира дека Изведувачот треба на свој трошок да доработи, поправи или повторно да изведе одделни работи, Изведувачот е должен веднаш да пристапи кон изведување на тие работи.

Ако Изведувачот не ги изведе работите од став 1 на овој член во примерениот рок, Нарачувачот може да ангажира друго лице да ги изведе врз товар на Изведувачот.

XVIII. Измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност

Член 70

Договорот за јавна набавка може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка во следниве случаи:

1. доколку измените, без оглед на нивната парична вредност, се предвидени во тендерската документација на јасен, прецизен и недвосмислен начин, како што се одредби за корекција на цени или опции. Во тие одредби мора да биде наведен обемот и природата на можните измени или опции, како и условите под кои може да се користат, но не смеат да имаат за последица суштинска промена на природата на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба;

2. за набавка на работи од првичниот носител на набавка кои не се вклучени во основниот договор, а кои поради непредвидени околности се нужни, и доколку замената на носителот на набавката:

не е можна од економски или технички причини, како што се барањата во однос на заменливоста или интероперабилноста со постојната опрема, услуги или инсталации набавени во рамките на првичната постапка и

ќе предизвика сериозни потешкотии или значително зголемување на трошоците на договорниот орган;

3. доколку промената е потребна поради околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба;

4. доколку првичниот носител на набавка го заменува друг економски оператор кој ги исполнува сите првично одредени услови во тендерската документација од спроведената постапка и кој е правен наследник на првичниот носител на набавка по извршено преструктурирање на претпријатието, вклучувајќи преземање, здружување, спојување или стечај, доколку тоа не вклучува други значителни промени на договорот и со тоа не се избегнува примената на овој закон;

5. доколку промената, без оглед на нејзината вредност, не е од суштинско значење во смисла на ставот (4) на овој член.

Член 71

Во случаите од членот 70 точки 2 и 3 на овој , вкупната вредност на измените на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба не смее да надмине 20% од вредноста на првичниот договор или на рамковната спогодба. Доколку се направени повеќе последователни измени, ова ограничување се применува на вредноста на сите промени заедно. Доколку договорот за јавната набавка вклучува одредба за корекција на цени, основ за пресметување на максималната дозволена вредност на измените е вредноста на договорот со ажурираните цени.

Член 72

Договорниот орган кој ќе изврши измени на договорот согласно со членот 70 точки 2 или 3 на овој договор објавува известување за измена на договорот за време на неговата важност во рок од десет дена од денот на склучување на договорот за изменување на првичниот договор.

Член 73

Измената на договорот за јавна набавка се смета за значителна доколку поради неа договорот или рамковната спогодба значително се разликува од првично доделениот договор за јавна набавка или рамковна спогодба, а особено ако:

а) со измената се воведуваат услови кои, доколку биле дел од првичната постапката за јавна набавка, би овозможиле учество на други кандидати освен оние кои првично биле поканети, или прифаќање друга понуда за најповолна наместо онаа што била првично избрана, или би овозможиле учество на дополнителни учесници во постапката за јавна набавка;

б) со измената се менува економската рамнотежа на договорот за јавна набавка во корист на носителот на набавка на начин што не бил предвиден во првичниот договор или рамковна спогодба;
в) со измената значително се проширува опфатот на договорот за јавна набавка;
г) друг економски оператор го заменува првичниот носител на набавка, освен во случаите од членот 70 точка 4 на овој договор

Член 74
За измени на одредбите од важечки договор за јавна набавка кои не се содржани во член 70 на овој договор, договорниот орган е должен да спроведе нова постапка за јавна набавка согласно со ЗЈН.

Член 75
Причините за измена на договорот и нивното образложение договорниот орган соодветно ги документира.

Член 76
Во случаите од член 70 точка 2 на овој договор , документацијата во врска со измените вклучува објаснување на сите причини зошто се потребни стоките, услугите или работите, причините зошто истите не биле вклучени во основниот договор или рамковна спогодба, како и економските и техничките причини поради кои промената на првичниот изведувач не е можна.

Член 77
Во случаите од член 70 точка 3 на овој договор , документацијата за измените вклучува опис на измените, причините за нив и околностите поради кои договорниот орган не можел да ги предвиди при доделување на основниот договор или рамковна спогодба, како и објаснување зошто овие измени не ја менуваат природата на договорот .

XIX. ПОДИЗВЕДУВАЊЕ И ПОДИЗВЕДУВАЧИ

Член 78
Изведувачот може изведувањето на одделни договорени работи да му го отстапи на трето лице (подизведувач) доколку за истото доставил информација во својата понуда.

Член 79
Доколку изведувачот ангажира подизведувач во текот на реализација на договорот потребно е на нарачувачот да му достави писмен договор за подизведувач во кој се дифинирани работите кои се отстапуваат на подизведувач, и соодветна документација за докажување на техничката способност.
Согласност за ангажирање на подизведувач од член 73 дава нарачувачот а одговорноста за квалитетно извршување на работите останува на изведувачот.

XX. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 80
Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

XXI. ВИША СИЛА

Член 81
Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XXII. ОСИГУРУВАЊЕ

Член 82

Изведувачот ги осигурува работите од член 2 на овој Договор, како и материјалите и опремата кои треба да ги вгради од вообичаени ризици до нивната полна вредност.

Вообичаените ризици од став 1 на овој член се определуваат според сите околности на конкретниот случај што се од влијанието, а особено според видот на работите, местото на кое се изведуваат работите, видот и својствата на материјалите и опремата што се вградува.

Премијата на осигурувањето ја палаќа Изведувачот.

Член 83

Ако Изведувачот пропушти да изврши осигурување, Нарачувачот може и сам, на сметка на Изведувачот да ги осигури изведените работи, материјали и опрема што тој ги набавил и му ги предал на Изведувачот.

## XXIII. ГАРАНЦИИ И УСЛОВИ ЗА НАПЛАТА НА ГАРАНЦИИТЕ

Член 84

**Изведувачот е должен на Нарачувачот да му достави банкарска гаранција во висина од 10% (проценти), со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изведе работите кои се предмет на овој договор.**
**Банкарската гаранција ке биде доставена во рок од 10 дена од денот на потпишувањето на договорот, а доколку нема услови за отпочнување на активности согласно договорот, Банкарската гаранција да се достави на денот на воведување во работа, од кога почнува да течи и рокот на важност на договорот.**
**Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот. Банкарската гаранција е со важност колку и договорот. Доколку дојде до продолжување на важноста на договорот, изведувачот ке изврши и продолжување на важноста на банкарската гаранција.**

**Гаранција за квалитет на изведените работи во гарантниот период изведувачот ја потврдува со обезбедување на банкарска гаранција во висина од 5 % од вредноста на договорот со вклучен ДДВ со важност од од 24 месеци, со која се обврзува дека на свој трошок ќе ги отстрани сите недостатоци кои ќе се појават како последица на неквалитетно изведување на работите или неквалитетно вграден материјал и опрема, како и на други недостатоци кои ќе се појават во гарантен рок по вина на Изведувачот.**

**Гаранција за гарантен рок ќе биде со важност за целокупниот гарантен рок од 24 месеци. Договорниот орган дополнително го утврдува крајниот датум на важност на гаранцијата.**

**Гаранција за гарантен рок носителот на набавката ја доставува до договорниот орган во рок од 5 работни дена од денот на извршен технички преглед на градбата, односно по изготвен Извештај за технички преглед на градбата од страна на надзорниот инженер, во кој е констатирано дека градбата може да се стави во употреба.**
**Гаранција за гарантен рок се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта или лично во седиштето на договорниот орган.**

**Носителот на набавката е должен во гарантниот рок, на барање на договорниот орган на свој трошок да ги отстрани сите недостатоци кои ќе се појават како последица на неквалитетно изведување на работите или неквалитетно вграден материјал и опрема, како и на други недостатоци кои ќе се појават по вина на носителот на набавката.**

**Гаранцијата за гарантен рок ќе биде наплатена во рок на стасаноста, доколку носителот на набавката:**
**- не се јави на повикот на договорниот орган за отстранување на сите недостатоци кои се појавиле како последица на неквалитетно изведување на работите или неквалитетно**

**Изведувачот е должен најдоцна во рок од 5 дена од денот на извршен технички преглед на градбата, односно по изготвување на Извештај за технички преглед на градбата од страна на Надзорниот инженер, во кој се констатира дека градбата може да се даде во употреба, да ја достави банкарска гаранција од став 1 на овој член, неотповиклива, непренослива и наплатива безусловно на прв писмен повик, со рок на важност за целокупниот гарантен рок**

## XXIV. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

Член 85

Изведувачот гарантира дека изведените работи во времето на примопредавањето се во согласност со договорот, прописите и правилата на струката и дека немаат мани што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или нивната подобност за редовна употреба, односно, за употребата определена со договорот.

**Изведувачот одговара за недостатоци што би се покажале за период од десет години од предавањето и приемот на работи согласно Законот за облигациони односи.**

Член 86

Нарачувачот е должен за забележаните недостатоци да го извести Изведувачот без одлагање.

Член 87

За опремата што ја вградува Изведувачот важи, во поглед на содржината и рокот, гаранцијата од произведителот на опремата, со тоа што Изведувачот е должен сета документација за гаранциите на производителот на опремата, заедно со упатствата за употреба, да ги прибави и да му ги предаде на Нарачувачот.

Член 88

Нарачувачот ќе му определи на Изведувачот примерен рок од 30 дена за отстранување на недостатокот.

Во случај истите да не бидат отклонети во периодот од став 1 на овој член Нарачувачот има право да ангажира друг изведувач да ги отстрани констатираните недостатоци а надоместокот да биде на терет на изведувачот потписник на овој договор.

Член 89

Изведувачот е должен на свој трошок да ги отстрани сите недостатоци што ќе се покажат во текот на гарантниот рок, а кои настапиле поради тоа што Изведувачот не се држел кон своите обврски во поглед на квалитетот на работите и материјалите.

Нарачувачот има право и на надомест на штета по основ на став 1 и 2 на овој член.

Член 90

Ако Изведувачот не ги отстрани недостатоците во рокот што Нарачувачот ќе му го определи, Нарачувачот може да ги отстрани недостатоците на сметка на Изведувачот, со што е должен да постапува како добар стопанственик.

Член 91

Изведувачот не е должен да ги отстрани оние недостатоци што настанале како последица од нестручно ракување и употреба, односно, не наменско користење на објектот или на делови од објектот.

XXVI. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

Член 92

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок заа исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целоснмата невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

Член 93

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

Член 94

Со договор може да се прошири одговорноста на договорната страна и врз случај за кој тој инаку не одговара.

Исполнувањето на ваквата договорена одредба не може да се бара ако тоа би било во спротивност со начелото на совесност и чесност.

Член 95

Одговорноста на договорената страна за намерата или крајното невнимание не може однапред со договор да се исклучи.

Судот може, по барање од заинтересираната договорна страна, да ја поништи и договорната одредба за исклучување на одговорноста за обично не внимание, ако таквата спогодба произлегува од монополската положба на договорната страна или воопшто од нерамноправниот однос на договорните страни.

Член 96

Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да бидат познати.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неиполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да бара од другата договорна страна надомест на

целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што другата страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.

Ако при повреда на обврската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместот за неа ќе се води сметка со разумна мера.

Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мери за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.

Член 97

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

XXVII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 98

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусобно договарање. Доколку тоа не даде резултат сите евентуални спорови ќе ги решава месноналежниот суд во Битола.

XXVIII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 99

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

Член 100

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

Член 101

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна, дополнителен рок за исполнување ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Член 102

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

Член 103

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Член 104

Договорот не може да се раскине поради не исполнување на незначителен дел од обврската.

Член 105

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

Член 106

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неспроведливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегна или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Ако изрече раскинување на договорот судот, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што го барала да и надомести на другата страна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.

Член 107

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

XXIX. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 108

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

XXXI. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 110

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 111

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на треата страна, без взаемна писмена согласност.

Член 112

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

Општина Битола ________________________

Тони Коњановски ___________________________

___________________________

Нарачувач Изведувач

Составни делови на овој Договор се:
а) Посебни и други услови на Нарачувачот, што се определени во тендерската документација;
б) Копија од понудата на изведувачот и соодветни лиценци и овластувања
в) Изјава за ангажирање на подизведувачи
г) Сертификати за вградени материјали
**д) Динамичкиот план на работите кој е временска програма за изведување на работите кој го доставува изведувачот на денот на воведување во работа.**

*****Моделот на договор се потпишува електронски со користење на квалификуван сертификат за електронски потпис чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него и се поднесува во прилог на понудата.**

**Прилог 5 - И З Ј А В А ЗА ПОСЕТА НА ЛОКАЦИЈА**

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека за _________________________________________________________ *[се наведува назив на економскиот оператор]* , извршив посета на локација и дека сум запознаен со условите и податоците од теренот за квалитетна изведба на предметната набавка.

Место и датум Одговорно лице

___________________________ ___________________________

(потпис) *

****Изјавата се потпишува електронски со користење на квалификуван сертификат за електронски потпис чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него, и се доставува во прилог на понудата.**

**Прилог 6 - ОБРАЗЕЦ НА ЛИСТА НА ДОВЕРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ**

| Информации кои се доверливи | Бројот на страниците со тие информации | Причини за доверливост на тие информации | Временски период во кој тие информации ќе бидат доверливи |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

**Прилог 7 - ОБРАЗЕЦ ЗА ЛИСТА НА ПОДИЗВЕДУВАЧИ**

Во прилог на нашата понуда доставуваме список на подизведувачите што ќе ги ангажираме и писмена согласност - Изјава со кои подизведувачите се согласни да бидат ангажирани, како и друга документацијанаведена утврдена во точка 4.4 од тендерската документација и согласно член 118 од ЗЈН Сл.весник 24/19.

Листа на подизведувачи :

| РБ | Дел од договорот што се отстапува на подизведувач | Назив и седиште на Подизведувачот | **ЕДБ ЕМБС** | Податоци за законски застапници – одговорни лица |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Поединечни изјави со кои подизведувачите се согласни да бидат ангажирани од економскиот оператор-понудувач;

- Барање за диреkно плаќање (доколку подизведувачот бара диреkно плаќање);
- Сите документи за докажување на способноста согласно точка 4.4 од ТД

Место и датум　　　　　　　　　　Овластено лице

____________________________　　　　____________________________

(потпис)

**Овој образец не се потпишува своерачно, тукy исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

**Овај образец се пополнува исклучиво доколку понудувачот користи подизведувач.**

**ПРИЛОГ 8**

**И З Ј А В А**

**ЗА НЕ/АНГАЖИРАЊЕ НА ПОДИЗВЕДУВАЧИ**

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека за ____________________________________________ *[се наведува назив на економскиот оператор]* , ке отстапам дел од договорот на подизведувач/ нема да отстапам дел од договорот на подизведувач.

Истотака доколку во фазата на реализација на договорот отстапам дел од договорот на подизведувач ке постапам согласно член 118 од Законот за јавни набавки Сл. весник 24/19..

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| ____________________________ | ____________________________ |
| | (потпис) * |

****Изјавата се потпишува електронски со користење на квалификуван сертификат за електронски потпис чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него, и се доставува во прилог на понудата.**